АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

Република Македонија
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су Ос бр. 296/15
5.11.2015 год.
СКОПЈЕ
ПОШТ ФАХ 80

**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

- **Апелационен суд Скопје се залага за доследно почитување на принципот на владеење на правото и заштитата на индивидуалните и колективните слободи и права.**
- **Апелационен суд Скопје се стреми да ја подигне довербата на граѓаните во правосудните институции, преку обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално, ефективно и ефикасно судство.**
- **Апелационен суд Скопје остварува домашна и меѓународна соработка со релевантни институции, во насока на создавање на современ правосуден систем, хармонизиран со европската легислатива и меѓународните стандарди во рамките на меѓудржавни потпишани договори.**
- **Апелационен суд Скопје се стреми кон развивање и имплементација на системски и процесен пристап во работењето, со цел донесување на навремени и законити одлуки во постапките на судење.**
- **Апелационен суд Скопје спроведува идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.**
- **Апелационен суд Скопје се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран кадар, свесен за важноста на своите дејствија, при што се остварува непречена, навремена и точна комуникација и дистрибуција на знаење.**
- **Апелационен суд Скопје го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на работењето.**
- **Апелационен суд Скопје се стреми навремено да ги идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.**
- **Претседателот на Апелационен суд Скопје, Судскиот администратор и Претседателите на одделите обезбедуваат мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели**
- **Претседателот на Апелациониот суд Скопје, Судскиот администратор и Претседателите на одделите периодично вршат контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.**

**Скопје, 05.11.2015 г.**

**Претседател на Судот**
**Љиљана Ивановска Шопова**